# Корисност и успех
# од знаењата, способностите и вештините
# стекнати во текот на стручното усовршување

- Тринеделната едукација ја започнавме во болницата ,,Токуда” со запознавање на куќниот ред од страна на менаџерскиот тим. Посебно значење на ова претставување беше запознавање со противпожарни мерки на кои им се обрнува големо внимание. Следуваше запознавање со оперативниот блок кој се состоеше од три дела ( A,B и C) и истиот имаше 25 операциони сали и три соби за интензивна нега.

- Во првата недела бев во блок А (општа хирургија, урологија, торакална хирургија и гинекологија).Присуствував на следниве операции : трансуретрална простатектомија, балонска дилатација на трахеа, перикардијална центеза, лобектомија со Са на бели дробови. Операционите сали располагаат со современи анестезиолошки апарати од најновата технологија на DRAEGER. Користат ларингоскопи со агол на отварање од 125 степени и подвижен врв на шпатулата за тешки интубации како и употреба на фибероптички ларингоскоп приклучен на монитор за најтешки интубации. Треба да се напомене дека начелата на дезинфекција,стерилизација, сепса и антисепса највисоко се вреднуваат.

- Во втората недела бев во блок В каде што гледав назална интубација  кај пациент со тумор на максила, асистирав при поставување на епидурален катетер и имав две успешни ендотрахеални интубации. Гледав и поставување на феморален блок со помош на трансдјусер. При операција на хидроцефалус кај мали деца се користи електрично ќебе за еднократна употреба со прецизно одредување на степенот на температурата. За секој пациент се води обемна анестезиолошка листа со голем број на параметри добиени од современиот монитор кој го има во секоја сала.
- Во оваа недела не запознаа и со салата за дезинфекција и стерилизација. Тука се вршеше стерилизација со помош на етилен оксид.
- Во севкупниот престој треба да се истакне колегијалниот однос на анестезиолозите и анестетичарите, топлиот прием, стручната соработка и доверба во работата.

- Третата недела ја поминав во блок С (неврохирургија, травматологија, ORL, пластична и реконструктивна хирургија). Тука за прв пат видов i-gel маска (со температурата на телото на пациентот лесно се прилепува на дишните патишта). Самото име ни покажува дека е исполнета со гел. Големината на маската се одредува врз kg/TT. Кај долготрајните операции се користат инфузомати.
- Последниот ден присуствував на ин-витро оплодување.
- Сите овие новости стекнати во болницата ,,Токуда” безрезервно ќе ги пренесам на моите колеги се со цел за подобрување и унапредување на здравството и благодет на пациентите.
- Голема благодарност до Министерството за здравство и Секторот за едукација со желби за успех во работата и континуитет на овој проект.

Со почит

Петровски Јовица

ЈЗУ Општа Болница ,,Ферид Мурад“ Гостивар